Проектот е финансиран од Фондација
Отворено општество-Македонија

# Правото на подготовка на одбрана е едно од основните права на обвинетите кое што мора да биде загарантирано

**Коалиција „Сите за правично судење“ истакнува загриженост по однос на темелното почитување на пресумпцијата на невиност, еднаквоста на оружјата и пружањето на соодветни простории и време за подготовка на одбраната** во предметот К-249/20, кој што беше оформен од страна на јавното обвинителство по допрен глас, а се однесува на видео снимката која беше пренесена од повеќе медиуми на почетокот на април, а на која се гледа чин на насилство извршен од страна на две лица врз девојка во Штип. Во оваа насока, Коалицијата уште еднаш потенцира дека правата на жртвата на кривично дело и правата на обвинетиот не се спротивставени концепти и почитувањето на правата на едната страна не значи намалување на правата на другата страна. Напротив, клучно за квалификување на еден судски процес како фер процес се токму напорите на сите надлежни институции во било која фаза од постапката да ги заштитат правата на сите инволвирани лица во процесот, вклучувајќи ги тука обвинетите, жртвите, оштетените, па дури и сведоците во процесот.

## Пресумпција на невиност

Согласно членот 13 од Уставот на Р. Северна Македонија, начелото на пресумпција на невиност значи дека никој не може да се смета дека е виновен се додека тоа не биде докажано со правосилна судска пресуда. Сепак, во конкретниот случај, по објавата на видеото на социјалните медиуми, речиси сите медиумски куќи на сензационалистички начин ја пренесоа веста до јавноста, поради што голем дел од адвокатите јавно одбија да ги застапуваат двајцата осомничени, сега веќе обвинети во овој предмет..



Иако во едно демократско општество, известувањата на медиумите се неизбежни во случаи што го засегаат јавниот интерес (*Виорел Бурцо против Романија, апликција бр. 75109/01* и *12639/02*), сепак, согласно праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) медиумите не смеат да надминуваат одредени граници, особено во врска со заштитата на правото на приватност на обвинетите лица и жртвите во кривична постапка, ниту пак смеат да пренесуваат ставови и информации на начин на кој би влијаеле на пресумпцијата на невиност (*Бедат против Швајцарија, апликација бр. 56925/08*). Водејќи се по праксата на ЕСЧП, Коалицијата потенцира дека агресивната кампања на медиумите може негативно да влијае на праведноста на судењето со влијание врз јавното мислење и следствено на тоа и на мислењето на судиите и конечната одлука во предметот (*Акај против Турција, апликација бр. 58539/00*).

**Во овој случај, со оглед дека истиот предизвика реакции и заинтересираност во јавноста, сметаме дека Судско-медиумскиот совет како тело во кое што членуваат судии и новинари и кое тело беше специјално оформено за да се неутрализираат опасностите од несоодветно медиумско известување за постапките, требаше активно и внимателно да го следи овој предмет и особено да внимава при известувањето во јавноста, а во контекст на заштита на приватниот живот на жртвата и обвинетите, како и во контекст на почитување на пресумпцијата на невиност.**

## Адекватно време и простории за подготовка на одбраната

Дополнителна загриженост во конкретниот случај предизвикува фактот што на 03.04.2020 година, Основниот суд во Штип им определи мерка притвор на двајцата осомничени во тој период во траење од 8 дена по предлог на јавното обвинителство. По поднесување на обвинителен предлог за кривично дело

*Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту Еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.

„насилство" од член 386 ст.3 вв.ст 1 од Кривичниот законик за кое што е предвидена казна затвор од шест месеци до 5 години, притворот беше продолжен за уште 30 дена.

На 23.04.2020 година беше насрочено првото рочиште по овој предмет, со оглед дека станува збор за приоритетен предмет каде што е изречена мерка притвор, а согласно препораките на Владата на Р. Северна Македонија и Одлуката на Судскиот совет на Р. Северна Македонија за преземање на мерки за претпазливост од страна на судовите.

Првото рочиште по овој предмет беше одложено по барање на бранителот за подготовка на одбрана поради тоа што бранителот по службена должност на еден од обвинетите во постапката со писмен поднесок побарал судот да го отповика решението за неговото назначување во овој предмет и да биде назначен друг бранител. Во таа насока, обвинетиот на записник даде согласност како негов бранител да биде бранителот кој што го застапува другиот обвинет.

Тука се поставува прашањето за адекватната одбрана која ја имале обвинетите во поглед на определувањето на мерката притвор, со оглед на тоа што голем број од адвокатите јавно се откажуваа од одбрана на обвинетите, вклучувајќи ги тука и адвокатите кои веќе им биле поставени по службена должност од страна на судот. Дополнително, отсуството на заангажираност на бранителите во услови кога обвинетите се во притвор има многу поголема рефлексија врз можноста за подготовка на одбраната, особено доколку се земе предвид дека обвинетите се со ограничена слобода и контакти, па поради тоа истите не можат соодветно да подготват својата одбрана и да се запознаат со случајот.

Причина за зголемување на загриженоста за правилна имплементација на стандардите за фер и правично судење е и фактот што бранителот реагираше до судот дека тој и неговиот клиент имаат рестрикции во поглед на подготовка на одбраната, поточно двајцата обвинети кои се во притвор, поради превентивните мерки за заштита од КОВИД-19 се ставени во самоизолација во затворот во Куманово и не им е дозволен контакт со други лица, дури ниту со адвокатите.



Согласно чл.70 од Законот за кривична постапка (ЗКП) едно од основните права на обвинетиот во постапката е да има доволно време и можности за подготовка на своја одбрана како и да комуницира со својот бранител. Имајќи ги предвид одредбите на ЗКП комуникацијата со бранителот е загарантирана и доколку на обвинетиот му е определена мерка притвор. Во ваквите случаи на бранителот и обвинетиот треба да им биде **овозможена непречена комуникација** како би можеле да ја подготват одбраната и својата теорија на случај. Во таа насока е и праксата на ЕСЧП според која пристапот до адвокат по правило треба да се обезбеди уште при првото сослушување на осомничениот од полицијата, освен ако самиот изречно не се откаже од тоа право или ако постојат посебни околности според кои привремено ограничување на ова право би можело да се смета за оправдано (Салдуз против Турција, пресуда на Големиот судски совет од 27 ноември 2008 година). Ова право на комуникација и подготовка на одбрана особено треба да се земе предвид низ призмата на правото на правично судење бидејќи секое лице обвинето за кривично дело има право на јавно судење во контрадикторна постапка пред независен и непристрасен суд, да предлага и изведува докази во своја одбрана, како и да ги оспорува доказите на спротивната страна. Исто така, како би било целосно загарантирано правото на правично судење, особено судот треба да внимава на почитувањето на начелото на еднаквост на оружјата на двете странки во постапката. Правото на обезбедување на услови за подготовка на одбрана е право кое што го гарантира и Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), па во таа насока доколку не се обезбеди соодветна одбрана, не се исклучува можноста за Европскиот суд за човекови права да утврди повреда

*Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту
Еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и
ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.

на чл.6 од ЕКЧП во овој предмет за повреда на правото на правично судење доколку биде покрената постапка пред овој суд.

Членот 6 од ЕКЧП наложува дека на обвинетиот треба **„да му се обезбедат време и услови неопходни за подготвување на неговата одбрана“** при што правото на обвинетиот на слободна комуникација со одбраната има централно место во концептот на правично судење. ЕСЧП е на став дека одредени ограничувања се оправдани во одредени околности, но секое мешање во правата на обвинетиот или притворениот во комуникацијата со адвокатите мора да биде пропишано со закон, кој мора да биде прецизен и предвидлив и кој мора јасно да ги предвиди околностите во кои таквите мешања се дозволени (*Крухер и Молер против Швајцарија, апликација бр. 8463/78*). Иако е важно постапката да се суди во континуитет и во разумен рок (најбрз можен рок, а не и најбрз рок по секоја цена), сепак треба да се внимава од „брзо“ судење за да не се направи на штета на процедуралните права на било која од странките.

Истиот член од Конвенцијата исто така се однесува на два елементи на соодветна одбрана, имено прашањето за место каде притворените може да се советуваат со своите адвокати и времето предвидено за тоа. Оваа одредба подразбира дека активноста на одбраната во име на обвинетиот може да содржи сè што е „неопходно“ за подготовка на судењето. Обвинетиот мора да има можност да ја спрема својата одбрана на соодветен начин и без ограничување во однос на можноста да ги постави сите релевантни аргументи за одбрана пред судот и на тој начин да влијае на исходот на постапката. При проценката дали обвинетиот имал соодветно време за подготовка на својата одбрана, треба да се обрне внимание и на природата на постапката, како и на сложеноста на случајот и фазата во која се наоѓа постапката (*Грегашевиќ против Хрватска, апликација бр. 58331/09*) Имајќи го предвид сè од горе наведеното, Коалицијата уште еднаш го повикува Основниот суд во Штип да ги направи сите обиди за максимално почитување на домашните и меѓународните стандарди за фер и правично судење, бидејќи на тој начин ќе ги заштити пред сè законите и Уставот, а потоа и правата на обвинетите, на жртвата, како и интересот на јавноста.



**Сепак, Фер е кога е фер за сите!**

**Воедно, Коалицијата ќе продолжи будно да го следи текот на судењето на овој предмет сè до донесување на правосилна судска пресуда.**

*Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту Еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.